Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневните настани 16.09.2023

На 15.09.2023 во 15.30 часот во село Просениково, струмичко, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода Л.Г.(22) од село Ерцелија, општина Свети Николе. При преглед на простор во кој престојувал, како и во нива во атар на село Просениково, биле пронајдени предмети кои потекнуваат од тешки кражби извршени ноќта помеѓу 14/09 и 15.09.2023 на подрачје на Струмица. Одземените предмети се вратени на сопствениците, за настанот е известен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по целосно документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15/16.09.2023 во периодот од 23:30 до 02:10 часот од страна на полициски службеници од СВР Битола спроведена е акциска контрола на подрачјето на Битола во угостителски објекти, при што во еден објект во Битола затекнати се 50 малолетници после полноќ, од кои 18 конзумирале алкохол. Тие се предадени на нивните родители, а по документирање на случајот ќе следуваат соодветни пријави. На 15.09.2023 во 22.15 часот полициски службеници од СВР Битола во угостителски објект во Битола ги лишиле од слобода Л.К.(31) од Скопје и В.М.(22)од Битола, кај кои е пронајдена бела прашкаста материја.

На 16.09.2023 во периодот од 00.00-04.00 часот на подрачје на Прилеп спроведена е акциска контрола во угостителски објекти при што во угостителски објект во Прилеп затекнато е едно малолетно лице после полноќ, кое е предадено на родителите, а по документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 15.09.2023 во 13.25 часот во Тетово полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Р.Љ.(37) од Тетово поради тоа што кај него била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (16.09.2023) во 02.00 часот било пријавено дека на ул.„Едвард Кардељ" во Нов Дојран патничко моторно возило „опел астра" со велешки регистарски ознаки, управувано од С.Д.(25) од Нов Дојран, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот и сопатникот Д.Д.(22), а со телесни повреди се здобил уште еден сопатник Б.К.(23), двајцата од Нов Дојран, констатирани во ЈЗУ Гевгелија. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Гевгелија.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (15.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 158 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 14 санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, 10 мерки за користење мобилен телефон при управување...

На 15.09.2023 во 13.00 часот, било пријавено дека на крстосница од магистралниот пат Куманово- Крива Паланка и регионален пат Ранковце-с.Герман се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „форд" со кривопаланечки регистарски ознаки, управувано од К.К.(59) од Крива Паланка, и товарно моторно возило „фиат" со струмички регистарски ознаки, управувано од Р.Т.(53) од с.Костурино. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот К.К. и неговата сопатничка Р.К.(31) од Крива Паланка. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Крива Паланка.

На 15.09.2023 во 15.15 часот во Полициската станица Карпош Ј.П.(66) од Скопје, пријавил дека на ул.„Козле" ѓи каснат од куче скитник.

На 15.09.2023 во 15.50 часот било пријавено дека на регионалниот пат с.Пирок-Тетово кај с.Камењане, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „ауди" со тетовски регистарски ознаки, управувано од А.Б.(34) од с.Боговине и патничко моторно возило „бмв" со тетовски регистарски ознаки, управувано од У.М.(31) од с.Ново село. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничка од возилото „бмв" Љ.С.(52), а со телесни повреди се здобила уште една сопатничка Ж.С.(24), констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

Денеска (16.09) во 14 часот полициски службеници од СВР Скопје пронајдоа двајца малолетници кои од страна на нивната мајка М.М. денеска околу 04 часот беа пријавени дека се оддалечиле од домот. Двајцата малолетници и претходно неколку пати се оддалечувале од домот и биле враќани од страна на полицијата. Веднаш по добиената пријава, преземени се неопходните мерки и активности и малолетниците се пронајдени и ќе бидат вратени на родителите.

На 15.09.2023 во 08.10 часот, во ОВР Струга лишена од слобода е Л.П.(45) од Кавадарци. При извршен преглед, полициските службеници кај нея, пронашле и одзеле марихуана. По целосно документирање на настанот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (16.09.2023) во 01.15 часот во Тетово полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ј.А.(52) од с.Долно Палчиште поради тоа што во домот физички ја нападнал неговата 51-годишна сестра. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.09.2023 во 11.20 часот, Н.В.(55) од Кичево во полициска станица пријавил дека, на улицата „Куче Угриноски" во Кичево, бил каснат од куче скитник. Истиот ден, И.К. (21) и Б.И.(48) од Кичево, пријавиле дека, на улицата „4 јули" односно на „Цветко Јаковлески" во Кичево биле каснати од куче скитник.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против А.А.(27) од кичевското село Гарани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При преглед извршен на улицата „Загорје" во Кичево, полициските службеници, кај него пронајдоа и одведоа марихуана.

Денеска (16.09.2023) во 05.00 часот А.А. пријавил дека на бензинска пумпа во Куманово бил физички нападнат од М.С.(34) од Куманово. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.09.2023 во 20.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.Ц.(20), Ф.Д.(37), Б.У.(53), А.И.(24) и Ц.А.(43) сите од Скопје од една страна и неколку други лица од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.09.2023 во 15.20 часот во СВР Скопје С.С.(19) од Р.Турција, а престојува во Скопје, пријавил дека на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.09.2023 во 15.00 часот во СВР Скопје 38- годишна жена пријавила дека на подрачјето на Шуто Оризари 16-годишник извршил обљуба врз нејзината 14 годишна ќерка, со која биле во љубовна врска. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.09.2023 во 18.00 часот во СВР Скопје М.М.(29) од Скопје пријавила дека на 14.09.2023 околу 11.40 часот откако го зела нејзиниот двегодишен син од детска градинка лоцирана на подрачјето на Чаир, забележала црвенило и гребанија во пределот на лицето и телото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.09.2023 во 18.50 часот во СВР Скопје М.Е.(65) од Скопје пријавил дека околу 17.30 часот во с.Визбегово-скопско, бил физички нападнат од И.П.(35) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.09.2023 во 18.45 часот во СВР Скопје Н.Е.(28) од Скопје пријавил дека околу 17.30 часот во с.Визбегово-скопско бил физички нападнат од Г.Т.(30) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.09.2023 во 13.10 часот З.С.(48) од Куманово пријавил дека околу 12.10 часот во Куманово бил физички нападнат со тврд предмет од Ѓ.Б. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.09.2023 во 07.20 часот во Куманово полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Н.К.(35) поради тоа што најпрвин со остар предмет му се заканувал на неговиот сосед, а потоа и на полициските службеници кои извршувале службени дејствија, по што си нападнал со тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.09.2023 во 13.30 часот Ф.А.(70) од Струмица пријавил дека околу 13.00 часот, во Струмица бил физички нападнат од неговиот сосед С.Р. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (16.09.2023) во 00.10 часот Г.Т.(39) од с.Војславци пријавил дека на 15.09.2023 околу 22.30 часот во Радовиш бил физички нападнат од С.М. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе следува соодветен поднесок..
На 15.09.2023 во 10.07 часот во СВР Скопје било пријавено дека во периодот од 04.04.2023.до 15.09.2023 во Дом на АРМ непознат сторител оштетил плоски од бојава на просторија што ја користи ДИК. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, а од страна на ДИК ќе биде направена комисија за да се утврди дали нешто недостасува..

На 15.09.2023 во 16.40 часот било пријавено дека во Велес по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.А.(34) и Д.Ц.(71), двајцата од Велес. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.09.2023 во 04.53 часот Д.П.(35) од Демир Капија, пријавил дека околу 04.00 часот во казино во Кавадарци каде извршувал работни задачи како обезбедување, бил физички нападнат од З.Ј.(35) од Кавадарци. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.09.2023 во 10.40 часот С.Д.(36) од Кавадарци пријавил дека околу 08.30 часот во Кавадарци бил физички нападнат од М.И. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.09.2023 во 09.00 часот Б.Ш.(52) од Штип пријавил дека на 14.09.2023 околу 10.30 часот во Штип по претходна расправија бил физички нападнат од неговиот сосед И.Ш. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 15.09.2023 во 21.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на Граничниот премин Блаце во објект (хотел) во изградба четири лица со оружје му се заканиле на лице вработено во агенција за обезбедување кое го обезбедувало објектот, а потоа предизвикале пожар. Од страна на вработениот пожарот бил изгаснат. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.09.2023 во 09.40 часот И.А.(33) од Штип пријавил дека околу 07.30 часот во Штип бил физички нападнат од Ѓ.Ј. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.09.2023 во 14.07 часот во СВР Штип од Клиничката болница Штип било пријавено дека кај нив бил донесен О.К.(24) од Р.Турција со престојувалиште во Штип со повреди здобиени од пад во објект во изградба во Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.09.2023 во 00.05 часот Р.М.(41) од Тетово пријавил дека на 13.09.2023 околу 21.00 часот во Тетово неговиот малолетен внук бил физички нападнат од С.А. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.09.2023 во 15.30 часот Б.С.(39) од с.Палатица пријавил дека во училиште во истото село неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник со тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (16.09.2023) во 00.40 часот во СВР Скопје М.М.(37) од Скопје, пријавил дека на 15.09.2023 околу 22.30 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.09.2023 во 23.30 часот во СВР Скопје С.Б.(34) од Скопје пријавила дека околу 20.00 часот на подрачјето на Бит Пазар нејзиниот малолетен бил физички нападнат од тројца малолетници, а едниот од нив употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.09.2023 во 14.30 часот било пријавено дека во с.Младо Нагоричане Ј.Б.(56) од истото село околу 13.30 часот додека управувал патничко моторно возило „сеат кордоба" по земјен пат, возилото се запалило, а од настанатиот пожар била опожарена нива со стрништа. Пожарот е изгаснат од Територијалната противпожарна единица-Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 15.09.2023 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кругот на фабрика на бул.„Борис Трајковски" настанал пожар. Повредени лица нема. Пожарот бил изгаснат од Бригадата за противпожарна заштита.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет